**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**С К О П Ј Е**

Државната изборна комисија, во состав Алаксандар Чичаковски, претседател, Реџеп Прекопуца, потпретседател и членовите Атанас Урумов, Силвана Бонева, Сашо Срцев, Субхи Јакупи, Виолета Дума, Игор Милев и Бедредин Ибраими, постапувајќи по Барањето, бр. 13-7444/1 од 06.02.2016 година, за донесување одлука согласно член 48 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, доставено од дополнителниот заменик министер за внатрешни работи м-р Митко Чавков, врз основа на член 34 од Привремениот деловник на Државната изборна комисија, број. 01-1089/1 од 04.07.2006 година, членот 31 став (2) точка 44 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15) и членот 48 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 196/2015), со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, на седницата одржана на 7-ми февруари 2016 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**Член 1**

Државната изборна комисија утврди дека Договорот за вработување на неопределено работно време број 13.3.1-6888/1 од 04.02.2016 година, Решението за времено распоредување, бр. 22.6-7381/1 од 05.02.2016 година и Решението за распоредување, бр. 22.6-7382/1 од 05.02.2016 година не претставуваат акти или документи кои се однесуваат на правни, финансиски и кадровски прашања поврзани со организација на изборите.

**Член 2**

Одлуката на Државната изборна комисија е конечна.

**Број** 08-350/1
**07.02.2016 година**
**С К О П Ј Е**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Претседател**
**Александар Чичаковски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СКОПЈЕ